JAВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-729/5
28.06.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

---

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, 2021 година**

**СОДРЖИНА**

**Страна**

ВОВЕД ----------------------------------------------------------------------------3
1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ-------------------------------------------------------------3

2. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ------------------------------------------------6

3. ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ----------------------------------------------------------9
4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ -БИЛАНС НА УСПЕХ-----------------9
4.1.ВКУПНИ ПРИХОДИ------------------------------------------------------------9
4.2.ВКУПНИ РАСХОДИ ------------------------------------------------------------9
5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА ----------------------------10
- БИЛАНС НА СОСТОЈБА--------------------------------------------------------13
5.1. Нетековни средства-------------------------------------------------------------14
5.2. Тековни средства-----------------------------------------------------------------14
5.2.1. Пари и парични еквиваленти-----------------------------------------------14
5.2.2. Состојба на вкупните побарувања------------------------------------------15
5.2.3. Состојба на залихи------------------------------------------------------------16
5.3.Активни временски разграничувања-------------------------------------------17
5.4. Состојба на вкупни обврски-----------------------------------------------------18
6.СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ---------------------------------------------------18
7. ПЛАНИРАН ИДЕН РАЗВОЈ--------------------------------------------------------19

## ВОВЕД

Акцентот на своето работење ЈП Национална радиодифузија Скопје, го стави на имплементација на Програмата за работа и развој за 2020 година. И во 2020 година, ЈП НРД-Скопје ефикасно ги извршуваше своите активности, во согласност со развојните приоритети и потенцијали, и покрај предизвиците со кои се соочивме оваа година.

Крајната цел во текот на годината, беше да се исполнат законските обврски заради кои е основано претпријатието, според предходно планирани цели, реално органиирани ресурси и јасни визии.

Според имплементираните активности, поставените цели и реализираните индикатори, 2020 година треба да се смета за успешна година во работењето на ЈП Национална радиодифузија Скопје.

Со нашата работа и постигнатите резултати, воспоставивме усогласеност на сопствениот развој со севкупниот развој, така што успеавме да понудиме квалитетен одговор на јавните потреби на граѓаните, како и да обезбедиме одржливост и континуитет на нашата работа.

## 1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### *Основање*

ЈП Национална радиодифузија Скопје е основано со Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје бр.07-340/1, донесен од Собранието на РМ на седница одржана на 28.01.1998 година ( Сл. весник на РМ бр. 6/98 ). Уписот во трговскиот регистер на Основниот суд Скопје 1 е извршен под број 1463/98 од 17.06.1998 година, со регистерска влошка 02002805-7-09-000. Седиштето на ЈП МРД е во Скопје, со адреса бул Гоце Делчев бр.18, Скопје. Определени измени направени се со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП МРД донесен од Собранието на РМ на седница одржана на 10.04.2009 година ( Сл. весник на РМ бр. 48/09 ).

### *Дејност*

Основната дејност на ЈП Национална радиодифузија-Скопје е регистрирана според шифра 61.20 дејности на бежични телекомуникации – развој, проектирање, изградба и одржување на основната радиодифузна мрежа на територија на Република Северна Македонија.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје.Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија

(во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие;
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи;
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа;
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги ;
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

ЈП НРД-Скопје, дејностите за пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис и за експериментално пренесување и емитување програми и/или програмски сервиси ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмските сервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ)
- една радио мрежа на средни бранови (СБ)
- ТВ и радиодигитални мултиплекси
- мрежа на микро бранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Студијата за дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје дејностите за обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за

нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, како и поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

Притоа сите наведени дејности ЈП Национална Радиодифузија-Скопје ги врши согласно со Законот за електронските комуникации, правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за бродбенд, како и стратешките документи и планови од областа на електронските комуникации, донесени од страна на Владата.

*Известување*

ЈП НРД-Скопје има обврска да изготви и достави до Владата на Република Северна Македонија :Годишна Програма за работа и развој, Годишен извештај и Квартални извештаи, кои содржат податоци за финансиското работење.

Владата на РМ ги разгледува и дава согласност на Статутот, статусните промени, Годишната Програма за работа и развој, Ценовникот на услуги, Годишната сметка и Финансиските извештаи.

***Финансирање***

Основен извор на средствата за редовно работење и развој, односно за покривање на трошоците е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за информатичко општество и администрација. Средствата за работење, се обезбедуваати од други извори:од приходи кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен преносот и емитувањето на програмските сервиси на ЈП МРТ, донации и од други извори во согласност со закон.

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е претпријатие, кое е формирано со цел да ги исполнува јавните потреби на граѓаните, а при извршување на своите активности, да води сметка за ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства.

***Организациска поставеност***

ЈП Национална радиодифузија-Скопје, во согласност со статутарните одредби и Правилникот за организација и систематизација е организирана на ниво на деловни единици кои се распеделени на шест сектори, во кои функционираат четириесет одделенија и оддели.

***Организациска поставеност*** е како што следува:

1. Деловна единица Пренос и емитување
    - Сектор Емисиона Техника
    - Сектор Телекомуникации
2. Деловна единица Развој и инфраструктура
    - Сектор Инфраструктура

- Сектор за развој и инвестиции
3. Деловна единица ЕПОР
   - Сектор за економски работи
   - Сектор за правни, кадровски и општи работи

Организациони единици надвор од деловните единици се:

- Дирекција
- Самостојно одделение за Внатрешна контрола и ревизија

***Управување и контрола***

Органи на ЈП НРД-Скопје се:

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење
- Директор.

***Вработени***

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос, со состојба на 31.12.2020 година изнесува 120 лица.

***Основа за изготвување на финансиските извештаи***

ЈП НРД-Скоје, во составувањето на Годишната сметка и Финансиските извештаи, ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) во РМ и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

Во Финансиските извештаи се прикажани средствата, обврските и капиталот кои се однесуваат на работењето на претпријатието, со примена на пресметковната основа во искажување на севкупните приходи и расходи.

Менаџментот конзистентно ги применува одобрените сметководствени политики во утврдените пресметковни периоди.

Годишниот финансиски извештај за годината што заврши на 31 декември 2020 година, содржи финансиски податоци за средствата, обврските и капиталот кои се однесуваат на работењето на претпријатието со состојба за годините што завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година.

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје својата основна дејност (пренос на програмските сервиси на јавниот радио дифузен сервис-МРТ) ја остварува преку сопствена мрежа на објекти, и тоа на стотриесет (135) локации низ целата територија на Република Северна Македонија. На овие локации има изградени и обезбедени градежни објекти со антенски столбови, изградени пристапни патишта и обезбедено постојано електрично напојување.

Мрежата од стотриесет објекти (135) објекти ја сочинуваат телевизиски и радио предаватели и репетитори, радио системи во среднобраново подрачје и системи на микробранови насочени преносни врски.

Со развој на новите технологии, во тек е изградбата на дигитална микробранова преносна мрежа со приближно 70% реализација од конечната изградба на мрежата.

Преку своите капацитети ЈП НРД обезбедува покривање со телевизиски сигнал на 98% од населението во Република Северна Македонија според дефинираните европски стандарди за квалитет на радиодифузниот сигнал.

Со Годишната Програма за работа и развој на ЈП НРД-Скопје за 2020 година, беа планирани нови зафати во мрежата и пунктовите, на кои требаше да се насочат активностите во текот на годината. За реализација на проектираните активности се ангажирани значителни финансиски и кадровски ресурси, но истото е неопходно за успешно и безбедно вршење на основната дејност на ЈП НРД.

Пандемијата со КОВИД-19 вирусот создаде значајни непосредни предизвици за општеството во целост, вклучувајќи го и радиодифузниот сектор. Поради настанатата состојба, и како резултат на превземените мерки на државно ниво за намалување на вкупните трошоци, ЈП НРД пристапи кон приоретизирање на своите активности, водејќи сметка за успешно и безбедно вршење на редовните активности во согласност со постојните законски задолженија.

ЈП НРД во текот на 2020 година обезбеди: редовно одржување на енергетската опрема, агрегатските постројки, системите за осветлување на антенските столбови, дигиталните предаватели и микробранови како значаен сегмент во телекомуникациската мрежа на ЈП НРД, како и редовно одржување на радиодифузните објекти во кои е сместена опремата и кои се основен сегмент во целокупното функционирање.

Најзначајни реализирани активности во текот на 2020 година се:

- Набавка и монтажа ФМ , ДАБ+ антенски системи и антенска опрема;
- Набавка и монтажа FM предавателна, репетиторска и процесирачка опрема
- Санација на радиодифузни објекти(санација на кров,преградни зидови и подни површини;
- Демонтажа на антенски столбови;
- Промена на врати, прозорци, поставување на изолации и промена на разни елементи на радиодифузни објекти;
- Набавка и на ФМ мултиплексери;
- Набавка на Контролно мерна опрема;
- Набавка на мерно возило со мерна опрема;
- Набавка на комјутерски системи;
- Редовно, тековно и превентивно одржување и сервисирање на ФМ и DVB-T опремата и мрежите на ЈП НРД;
- Набавка на резервни делови и сервисирање на дефектна радиодифузна опрема;
- Одржување на челични конструкции на антенски столбови;
- Редовно одржување и интервенција на електричната инсталација на објектите каде што се монтирани ФМ предаватели со поголема моќност;

- Редовно одржување на агрегатите и дотур на нафта потребна за нивно работење со што се минимизирани прекините во емитувањето на програмските сервиси на Национална Радио телевизија;
- Контрола и одржување на системите за осветлување на антенските столбови на РД објекти во мрежите на ЈП НРД;
- Испитување и мерење на заштитно заземјување и громобрански инсталации , затегање на сајли;
- Санација и разни градежни зафати во зградата на РТВ Дом;
- Редовно одржување на осветлувањето во и на РД објекти;
- Интервенции за отстранување на дефекти (трафостаници, доводни кабли, електрични броила, катодни одводници и др.);
- Тековно одржување на трафостаници, нисконапонски водови, агрегатски постројки;
- Извршени се мерења на контрола на квалитет на ТВ и РА сигнали преку кои се пренесуваат програмските сервиси на МРТ.

ЈП НРД имаше отсуство на набавки и зафати и во изминатите години, но КОВИД-пандемијата, во голема мера влијаеше дел од планираните капитални инвестирања и активности за 2020 година да останат нереализирани. Исто така, не се набавија во целост потребните резервни делови и материјали, не се извршени до крај планираните санации на градежни објекти, не се изврши реконструкција на антенските столбови, како и голем дел од планираните услуги не се реализираа. Позначајни нереализирани набавки, кои беа вклучени во Планот за јавни набавки за 2020 година се:

- Набавка на АЦ /ДЦ Пренапонска зашита – Моно и трофазна , систем за мониторинг на аудио и видео содржини за - ДВБ-Т, ФМ и ДАБ;
- Проширување и обезбедување резервен систем на мултиплексирачка опрема за ДВБ- ФМ и ДАБ + антенски системи и антенска опрема;
- Набавка на ДВБ-Т (УХФ ) антенски системи и антенска опрема и антенски столбови;
- Надградба на софтвер за процесирачка опрема -ДВБ-Т;
- Набавка на рутери за потребите на пренос на ТВ програма по дигитални линкови;
- Набавка на мерна опрема за челични конструкции на антенски столбови;
- Изградба на дигитална микробанова и земска телевизиска мрежа ДВБ-Т
- Набавка на ДВБ-Т мултиплексери;
- Набавка на сервери за стриминг за мултимедијални содржини;
- BROADBEND активности (прмовирање,логистика, матерјал и опрема)
- Набавка на антенски столбови;
- Набавка на агрегат за РДО ЦРН ВРВ;
- Изведба на Трафостаница 20/10/0.4 KV НА ЦРН ВРВ;
- Реконструкција на НН линија на РДО ТАЖЕВО;

## 3. ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ

На крајот од 2020 година, ЈП НРД Скопје искажа позитивен деловен резултат – вишок на средства пред оданочување - добивка од работењето во износ од 44.569.153 денари. Пресметан е данок на добивка во износ од 4.483.070 денари, по процент утврден со Законот за данок на добивка и врз основица утврдена во Даночниот биланс, зголемена за непризнаени расходи за даночни цели. Вкупниот вишок на средства по оданочување - добивка по оданочување за 2020 година изнесува **40.086.083 денари**.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИ И РАСХОДИ -БИЛАНС НА УСПЕХ

### 4.1.ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот од 01.01до 31.12.2020 година ЈП НРД-Скопје реализира **вкупни приходи** во висина од 247.269.865 денари. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година бележат пад за 15,04 проценти. Во однос на плаираните приходи за 2020 година, остварените вкупните приходи се намалиле за 8,34 проценти.

**Преглед на вкупни приходи (според Биланс на успех)**

| ПРИХОДИ | 2019 година | 2020 година | Индекс 4/2*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Приходи од продажба | 15.721.277 | 17.124.777 | 108,92 | 6,92 |
| Останати приходи | 272.878.573 | 229.158.784 | 83,98 | 92,68 |
| Финансиски приходи | 2.446.955 | 986.304 | 40,31 | 0,40 |
| **ВКУПНО:** | **291.046.805** | **247.269.865** | **84,96** | **100** |

**Приходи од продажба**, во анализираниот период се остварени во износ од 17.124.777 денари**.** Приходите од продажба учествуваат со 6,92 % во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини, односно закупнини, за користење на простор за сместување на опрема, од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

**Останатите приходи** се реализирани во висина од 229.158.784 денари, кои ангажираат 92,68 % проценти од вкупно остварените приходи. Истите се однесуваат за остварен приход од:

- приходи од субвенции (МИОА) 224.250.000денари
- приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврски 4.467.773 денари
- останати приходи од работењето (приходи од наплатени пенали, казни, штети) 441.011 денари.

**Финансиските приходи,** во периодот од 01.01 до 31.12.2020 година се реализирани во износ од 986.304 денари. Споредени со истиот период од минатата година бележат пад од 59,65%. Во вкупно остварените приходи учествуваат со 0,40 % , а се однесуваат на камати за прилив на средства на трансакциските сметки и камати од денарските депозити.

Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност, во анализираниот период се реализирани во износ од 224.250.000 денари, што е реализација од 95,83% во однос на планираните приходи по овој основ. Во однос на остарените приходи по овој основ во 2019 година бележат намалување од 4,17 проценти. Истите, учествуваат со 90,69% во вкупно остварените приходи.

## 4.2. РАСХОДИ

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во период од 01.01 до 31.12 2020 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 202.700.712 денари.

**Преглед на вкупните расходи по групи**
**(според биланс на успех за 2020 година)**

| Група | Остварени расходи за 2019 г. | Остварени расходи 2020 г. | Индекс 4/2*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 40-Трошоци за суровини, матерјал,енергија, резервни делови и ситен инвентар | 44.732.945 | 40.807.517 | 91,22 | 20,13 |
| 41-Трошоци за услуги од тековни потреби | 10.733.972 | 29.291.855 | 272,89 | 14,45 |
| 42-Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 62.443.510 | 68.689. 176 | 110,00 | 33,89 |
| 43-Трошоци за амортизација | 36.426.674 | 36.120.309 | 99,16 | 17,82 |
| 44-Останати трошоци од работењето | 15.780.237 | 27.325.769 | 73,16 | 13,48 |
| 45-Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства | 2.864.097 | 291.367 | 10,17 | 0,14 |
| 46-Останати расходи од работењето | 639.325 | 142.091 | 22,22 | 0,07 |
| 47-Финансиски расходи | 43.868 | 32.628 | 74,38 | 0.02 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **173.664.628** | **202.700.712** | **116,72** | **100,00** |

Вкупните расходи евидентирани на 31.12.2020 година изнесуваат 202.700.712 денари. Споредени со расходите остварени во истиот период од 2019 година, се реализирани за 16,72 проценти повисоко. Кај сите групи на трошоци е евидентирано намалување споредено по групи на трошоци осварени во истиот пеериод во минатата година, со исклучок на трошоците за услуги од тековни потреби и трошоците за плата и надоместоци од плата.

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во период од 01.01. до 31.12.2020 година се остварени во вкупен износ од 40.807.517денари, а се однесуваат на:

- трошоци за матерјали 623.106 денари
- трошоци за енергија 29.087.698 денари
- трошоци за резервни делови и матерјали 10.746.166 денари
- трошоци за ситен инвентар и автогуми 350.545 денари.

Оваа група на трошоци во вкупните расходи учествува со 14,45 проценти. Во вкупно остварените трошоци најголемо учество имаат трошоците за енергија (71,28 %), кои се во функција на технолошкиот процес и одржувањето на системите. Истите се однесуваат на: трошоци за електрична енергија и дистрибуција (24.531.162 денари); трошоци за затоплување на простор (648.805 денари) ; трошоци за енергија-нафта (2.263.442 денари); трошоци за гориво на моторни горива (1.644.280 денари).

Во однос на минатата година, трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови, бележат намалување од 8,78 проценти.

**Трошоците за услуги од тековни потреби** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 29.291.855 денари.
Групата Трошоци за услуги од тековни потреби опфаќа 6,23 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, а се однесуват на :

- транспортни услуги 334.000 денари
- поштенски и телефонски услуги,интернет 1.091.129 денари
- услуги на заштита и одржување 23.157.672 денари
- наем-лизинг 2.597.424 денари
- комунални услуги 1.171.750 денари
- останати услуги 939.783 денари.

Во вкупно остварените трошоци за услуги од тековни потреби, најголемо учество имаат услугите на заштита и одржување (79,05%), кои се однесуваат на: услуги за тековно и инвестиционо одржување на недвижнини, постројки и опрема (21.036537 денари); сервис и одржување на моторни возила ( 847.487 денари) ; услуги за обезбедување на имот (1.269.680 денари).Во однос на истиот период од минатата година, трошоци за услуги од тековни потреби значително се зголемиле, порастот изнесува 172,89 проценти,што се должи на порастот на услугите за тековно и инвестиционо одржување на недвижнини, постројки и опрема(823%). Покрај редовното тековно одржување на објектите, оваа година се извршени санации и разни градежни зафати во повеќе радиодифузни објекти.

**Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,** се реализирани во износ од 25.615.456 денари. Трошоците за плата во вкупните

расходи учествуваат со 33,87%. Споредени со истиот период од минатата година, платите и надоместоците од плата бележат пораст од 10,00 проценти.

Зголемувањето на платите е резултат на извршеното усогласување со Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на ЈП НРД и Управниот одбор во 2019 година.

По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци:плата и надоместоци од плата-бруто (68.689.176 денари ) и останати трошоци за вработените ( 403.466 денари ) .

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на:

- бруто плати-основна плата 35.334.466 денари
- додаток за прекувремена работа 436.720 денари
- додаток за празнична работа 955.701 денари
- додаток за ноќна работа 1.855.442 денари
- додаток за сменско работење 1.142.509 денари
- годишен одмор 1.564.110 денари
- минат труд 3.911.050 денари
- боледување 304.030 денари
- придонеси 19.011.558 денари
- персонален данок од плата 3.743.127 денари.

**<u>Трошоците за амортизација</u>** се остварени во висина од 36.120.309 денари. Споредении со истиот период од минатата година,бележат пад од 0,84 проценти. Пресметаната амортизација во вкупните расходи учествува со 17,82%.

Амортизација се пресметува на средствата и недвижнини (градежни објекти) со кои располага ЈП НРД . Најголемиот дел на активната опрема на која се пресметува амортизација е ново набавената ДВБ-Т опрема, набавена со средства од Буџетот на РМ, а исто така се пресметува амортизација на телекумуникациска опрема и возила, набавени со сопствени средства.

**<u>Останатите трошоци од работењето</u>** опфаќаат 6,67 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје, истите во 2020 година се реализирани во вкупен износ од 27.325.789 денари. Во оваа група на расходи се опфатени трошоците за :

- дневници за службени патувања во земјата 989.778 денари
- надоместоци за трошоци за вработените 196.800 денари
- надомести на органи на управување и надзор 1.662.200 денари
- трошоци за репрезентација 254.183 денари
- трошоци за осигурување 1.228.493 денари
- банкарски услугии трошоци на платен промет 108.992 денари
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки 660.924 денари
- останатии расходи 22.224.399 денари.

Во групата останати трошоци од работењето најголемо учество имаат остварените трошоци за останати расходи, кои учествуваат со 81,33 %, кои се

однесуваат на трошоци : адвокатски и нотарски услуги, договор за дело и трошоци за ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања, трошоци за стручна литература, весници, списанија.
Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства се реализирани во износ од

По основ **останатии расходи од работењето** се остварени трошоци во вкупен износ од 142.091 денари. Оваа група ангажира од 0,07% од остварените вкупни трошоци во 2020 година.

**Финансиските расходи** во 2020 година се остварени во вкупен износ од 32.628 денари. Истите, ангажират од 0.02 % од остварените вкупни трошоци.

## 5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА - БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Вкупната вредност на активата, односно пасивата на НРД согласно Билансот на состојба на 31.12.2020 година изнесува **777.670.813** денари, и истите се врамнотежени.

| **ПОЗИЦИЈА** | **2020 година** | **2019 година** |
|---|---|---|
| **АКТИВА-СРЕДСТВА** | **777.670.813** | **737.919.582** |
| Нетековни средства | 529.432.408 | 444.631.210 |
| Тековни средства | 246.890.479 | 293.288.372 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи(АВР) | 1.347.926 | - |
| **ПАСИВА-КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **777.670.813** | **737.919.582** |
| Основна главнина | 365.359.905 | 365.359.905 |
| Резерви | 6.299.067 | 6.299.067 |
| Акумулирана Добивка | 280.825.988 | 175.940.177 |
| Добивка од годината | 40.086.083 | 104.885.811 |
| Обврски | 58.735.564 | 61.490.678 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди ПВР | 26.364.206 | 23.943.944 |

### 5.1. Нетековни средства

Вкупната вредност на нетековните средства на 31.12.2020 година изнесува 529.432.408 денари. Во однос на истиот период од минатата година

нетековните средства се зголемиле за 19,07 проценти. Тековните средства ангажираат 68,08% од активата во Билансот на состојба.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематеријалните и материјалните средства на ден 31.12.2020 година се прикажани во следнава табела:

| Вид на средство | Состојба 31.12.2019 | Состојба 31.12.2020 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Нетековни средства** | | |
| **Нематеријални средства** | 19.039.729 | 19.039.729 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематеријални средства | -19.039.729 | -19.039.729 |
| **Сегашна вредност на нематеријални средства** | 0 | 0 |
| **Материјални средства** | | |
| 010 Земјиште | 218.891.094 | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 272.810.062 | 272.810.062 |
| 012 Постројки и опрема | 1.126.917.122 | 1.218.085.259 |
| 013 Алат, погонски и канцелариски инвентар и транспортни средства | 107.080.677 | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на материјални средства | -1.276.038.107 | -1.312.158.416 |
| **Сегашна вредност на материјални средства** | **444.631.210** | **529.432.408** |

### 5.2. Тековни средства

Вкупната вредност на тековните средства на 31.12.2020 година изнесува 246.890.479 денари. Во однос на истиот период од минатата година тековните средства се намалиле 15,82 за проценти. Тековните средства ангажираат 31,75% од активата во Билансот на состојба.

#### 5.2.1. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни) и готовината во благајна. Состојбата на паричните средства и парични еквиваленти е прикажана во следнава табела:

| Опис | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 232.582.327 | 94.553.226 |
| 102-Парични средства на благајна | 111.301 | 85.727 |
| 103-Девизни сметки | 422 | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | - | 75.594 |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти** | **232.694.050** | **94.714.970** |

### 5.2.2. Состојба на вкупните побарувања

Вкупните ненаплатени побарувања на 31.12.2020 година изнесуваат **91.601.527** денари.

**Краткорочни ненаплатени побарувања** на 31.12.2020 година изнесуваат 20.253.601 денари, а се однесуваат на следните видови: побарувања од купувачи, побарувања од казнени камати, сомнителни и спорни побарувања, вредносно усогласување на побарувања по основ радиодифузна такса, побарувања за повеќе платен данок од добивка, Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања и останати побарувања од вработените

**Краткорочните финансиски средства** на 31.12.2020 година се евидентирани во износ од 70.000.000 денари , а се однесуваат на побарувања по основ на позајмица за Македонски шуми.

**Платените трошоци за идни периоди и пресметани приходи** на 31.12.2020 година, се евидентирани во износ од 1.347.926 денари,а се однесуваат за платени зависни трошоци за набавка на стока и за останати однапред платени трошоци и пресметани приходи.

| Сметка | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **1.Краткорочите побарувања** | **8.913.893** | **20.253.601** |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 441.238.529 | 438.930.784 |
| 122-Дадени аванси во земјата | - | 10.720 |
| 125-Побарувања од казнени камати | 239.200 | 239.200 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 | 53.778.964 |
| 129- Вредносно усогласување на побарувањата | -487.094.423 | -482.975.594 |
| 133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 473.825 | 9.882.431 |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 6.577 | 33.084 |
| 145-Останати побарувања од | 138.361 | 208.808 |

| | | |
|---|---|---|
| вработените | | |
| 149-Вредносно усогласување на побарувања на поврзани субјекти | - 6.345 | - |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 | 145.205 |
| **2.Краткорочни финансиски средства** | | **70.000.000** |
| 152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг | - | 70.000.000 |
| **3.Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи(АВР)** | - | **1.347.926** |
| 191-Однапред платени зависни трошоци за набавка | - | 1.322.876 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | - | 4.121 |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | - | 20.928 |
| **Вкупно побарувања (1+ 2+3)** | **8.913.893** | **91.601.527** |

### 5.2.3. Состојба на залихи

Вкупните залихи на 31.12.2020 година изнесуваат 61.921.909 денари. се зголемени Во однос на почетокот на годинате се зголемиле за 19,82 проценти. Реалната состојба на залихите е резултат на материјали од проектот ДВБ-Т и други зафати, кои сеуште не се издадени и ќе бидат употребени во одржување на мрежата во наредните периоди.

| Опис | **Состојба на 31.12.2019 г.** | **Состојба на 31.12.2020 г.** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 47. 692. 836. | 50.748.852 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 3.090.255 | 10.365.648 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 6.684.263 | 7.027.070 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -6.684.263 | -7.117.000 |
| **Вкупно залихи** | **51.680.428** | **61.921.909** |

На залиха се регистрирани следните материјали и суровини:

- електричен матерјлал;
- технички матерјал;
- кјанцелариски матерјал;
- матерјал за хигиена;
- матерјал за одржување;
- гориво и мазиво;
- нафта;
- електронски лампи;

- мини бифе;
- млектричен матерјлал Проект комјутер за секое дете;
- технички матерјал ДВБ.

## 5.3.Активни временски разграничувања

На 31.12.2020 година се евидентирани платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи во изнодс од 1.347.926 денари. Активните временски разграничувања ангажираат 0,17% од активата во Билансот на состојба

## 5.4. Состојба на вкупни обврски

Вкупните обврски на евидентирани во сметководствената евиденција на 31.12.2020 година изнесуваат **85.099.770** денари. Споредени со истиот период од 2019 година, обврските незначително се намалиле(0,4%).

| Сметка | **Состојба на 31.12.2019** | **Состојба на 31.12.2020** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 221-Обврски кон добавувачите во земјата | 7.442.129 | 10.213.026 |
| 221Обврски кон добавувачите во странство | 4.759.115 | - |
| 222Обврски за примени аванси од купувачи | 14.500 | 236.932 |
| 225 Обврски за камати | 12.587 | |
| 230-Обврски за данок на додадена вредност | 331.577 | 1.335.680 |
| 234-Обврскиза даноци за плати и надоместоци на плата | 1.751.495 | 15.628 |
| 235 -Обврски за персонален доход | 20.031 | 7.148 |
| 237-Данок за непризнаени расходи и помалку платени приходи | 30.047.302 | 30.047.302 |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 3.354.501 | 327.733 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 25.883 | 64.979 |
| 242- Останати обврски на вработените по К.Д | 25.429 | 167.394 |
| 249- Останати обврски на вработените | 238.921 | 262.174 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | 108.692 | 6.702 |
| 251- Обврски за надомест на УО и НО | 129.287 | 13.327 |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 5.810 | 3.973 |
| 253- Обврски за наемнини | 750.201 | 197.372 |

| | | |
|---|---|---|
| 262-Краткорочни крдити и заеми | 11.411.967 | -302 |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 | 1.061.248 |
| 283- Долгорочни обврски спрема добавувачи во странство | - | 4.775.246 |
| 286- Долгорочни обврски врз основа на крдити и заеми од странство | - | 10.000.000 |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -1.901.324 | -416.594 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 25.845.269 | 26.780.800 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **85.434.622** | **85.099.770** |

## 6.СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вкупниот број на вработени, со состојба на 31.12.2020 година изнесува 120 лица. Во однос на минатата година бројот на вработените се намалил за 21 лице. Согласно Планот за кадри од 2020 година, огласите за нови вработувања беа објавени во месец декември, така што новите вработувања се реализирани во месец јануари 2021 година.

| Период | ВСС | ССС | НСС | Вкупно | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2019 | 25 | 111 | 5 | 141 | |
| структура | 17,73 | 78,72 | 3,55 | 100,00 | |
| 31.12.2020 | 27 | 82 | 11 | **120** | -21 |
| | **22,50** | **66,33** | **9,17** | **100** | |

## 7. ПЛАНИРАН ИДЕН РАЗВОЈ

Изминатата 2020 година , ЈП Национална радиодифузија-Скопје, ја заврши со позитивен финансиски резултат-добивка од работењето,во година одбележана во знак на светската пандемија од вирусот Ковид-19 и услови на стопанисување, според кои приорит на државно ниво беше справувањето со последиците кои ги предизвика пандемијата, на економски план.

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е јавно претпријатие кое својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, оперативни планови и развојни програми кои се однесуваат на различни сегменти од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и информатичко комуникациската технологија.

Едено од значајните сегменти кои сакаме да го потенцираме, е што ЈП НРД своето работење го темели на начин со кој се обезбедува:

• техничко-технолошко единство на системот;

• ефикасност во работењето, како и усогласеност на сопствениот развој со севкупниот развој;

• заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

• транспарентност и недискриминација во работењето;

• трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите

•функционална поврзаност со радиодифузните системи на другите земји во светот во согласност со меѓусебни договори што ги склучила, односно им пристапила Република СевернаМакедонија.

Во 2021 година телевизиските канали на Јавниот радиодифузенсервис (МРТ – Македонска РадиоТелевизија) продолжуваат да се емитуваат преку двата мултиплекси од Проектот Дигитална телевизија - ДВБ-Т.

Согласно Програмата на ЈП НРД: Проекти 2021 – 2025 година, ЈП Национална Радиодифузија во 2021 година ќе продолжи со реализација на следните проекти:

- Зајакнувањена ТВ и ФМ сигналите во граничните делови на Република Северна Македонија
- Воведување на динамички сигнал за поквалитетно следење на трите програми на македонското радио на целата територија на Република Северна Македонија
- Воведувањето на дигитално радио овозможува поефикасно користење на радиофрекфенцискиот спектар, подобар квалитет и поголема отпорност на пречки
- Дигитализација на среднобрановио тсигнал за следењена македонското радио на поголеми далечини
- Проширувањена ДВБ-Т системот за пренос и емитување на новите Програмски сервиси на М РТ
- Пренос на аудио и видео содржини преку INTERNET
- Проширување на микробрановите капацитети
- Воведувањена ДАБ+ (ДигиталноРадио) во Република Северна Македонија
- ШирокопојасенИнтернет (Броад бенд Мрежа)
- Ревитализација и санацијана СБ (средно-бранов) предавателот во Овче Поле со замена на дефектирани делови иовозможување на работа на трите блока, со што ќе се постигне максимална чујност.

Реализацијата на сите проекти е планирана да заврши заклучно со 2025 година, од кои половина би завршиле во 2021-та година.

**Управен одбор на**
**ЈП Национална радиодифузија**
**Претседател,**
**Вегим Селими**